**Услови за Работа / Terms of Reference**

Во рамките на проектот: **„Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“** (во оригинал: “*Through gender lenses:apprasing budgets and policies; watchdogging local action plans for gender equality implementation* ”), финансиран од Европската Унија преку програмата *Support to Civil Society Networks and Platforms in the Republic of North Macedonia*

**Буџетска линија:** 5.1.2. Baseline and end-line survey report

**ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

## I. КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Поттикнување на проактивноста на граѓанското општество преку зајакнување на вмрежувањето, користејќи РОБ методи за соработка со локалната самоуправа и формирање на локални политики и буџети за решавање на различните потреби на жените и мажите, особено на најранливите и маргинализираните групи во 17 целни општини (Делчево, Македонска Каменица, Пробиштп, Кавадарци, Неготино, Радовиш, Гевгелија, Струга, Вевчани, Крушево, Кривогаштани, Чаир, Шуто Оризари, Старо Нагоричане, Липково, Брвеница и Теарце). Проектот е синхронизиран и дополнително ќе ги зајакне капацитетите на постојната неформална Мрежа за родово одговорно буџетирање (МРОБ) со проширување на членството со граѓански организации (ГО) од целните општини истовремено застапувајќи ги интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченост, маргинализираните жени и мажи (од етничка, религиозна или сексуална природа) и жени и мажи од ранливите возрасни групи (млади и постари граѓани).

## II. КОНКРЕТНИ ЗАДАЧИ

Со цел подготовка на компартивна анализа односно извештај од почетното и завршното истражување на проектот се ангажира експерт/ка за подготовка на извештај. Во извештајот ќе се споредат податоците и ќе се донесат заклучоци и препораки во однос зајакнување на родовата еднаквост и имплементирање на родово одговорното буџетирање во 17те општини

Во рамки на проектот беа спроведени две теренски истражувања, едно на почетокот на имплементација на проектот и другото на крајот на имплементацијата на проектот. Првото истражување беше спроведено во периодот февруари-април 2021 година со цел да се утврдат потребите, перцепциите, ставовите за родовата еднаквост од страна на граѓаните, локалните граѓански организации како и вработените во администрацијата во 17 општини каде што се

спроведува проектот. Истражувањето го одговорија 750 испитаници/чки. Второто теренско истражување беше спроведено во периодот март-април 2024 во истите 17 општини и го одговорија 735 испитаници/чки. Теренските истражување ги утврдија предизвиците со кои што се соочуваат граѓаните при задоволувањето на нивните потреби поврзани со родовата еднаквост, како и учеството на крајните корисници, односно граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

Прашањата за граѓаните се поделени во неколку тематски области:

- Демографски податоци
- Ставови за родова еднаквост
- Пристап до ресурси, загадување и енергетска ефикасност
- Пристапност до услуги
- Економија и трошење на времето
- Граѓанско учество и безбедност во јавен простор
- КОВИД-19 одговор и менаџирање на кризата (само во тереснкото истражување во 2021)

Прашањата за општинската адмнистрација се поделени во следните области:

- Демографски податоци
- Позиција во општинската администрација
- Ставови за родовата еднаквост
- Родовата еднаквост во општината
- Услуги и пристапност за граѓаните
- Учество на граѓаните во донесувањето одлуки
- Соработка со граѓанските организации

На следниов линк можете да ги погледнете прашалниците од теренското истражување. Ве молиме истите да ги користите само за проценка на обемот на задачата и да не ги споделувате без одобрување.

Извештајот се подготвува во word документ, користејќи фонт Cambria, големина на букви 11 и проред 1,5. Извештајот треба да содржи помеѓу 45 и 50 страници. Финалниот извештај треба да се подготви најдоцна до 20.07.2024.

За подготовка на извештајот се предвидени 12 работни дена.

## III. ДОЛЖНОСТИ НА ЕКСПЕРТОТ/КАТА

- Подготви структира на извештајот и ја достави до Експерткатa за родово одговорно буџетирање и проектната координаторка;
- Ги анализира одговорите од однапред спроведените теренски истражувања;
- Спроведе кратка компаративна анализа на резултатите од двете теренски истражувања;
- Подготви драфт Компаративен извештај за состојбата со родовата еднаквост во 17те општини;
- Подготви заклучоци и препораки за 17те општини со цел ефикасно имплементирање на родово одговорното буџетирање од почетокот на 2025 година, според измените на Законот за буџети;
- Одговори на коментарите на драфт извештајот доставени од Експерткатa за родово одговорно буџетирање и проектната координаторка;

## IV. КОМПЕТЕЦИИ НА ЕКСПЕРТОТ/КАТА

- Завршено високо образование (пожелни се магистерски и/или докторски студии) во областа на родовите студии или други релевантни области (економија, финансии, бизнис администрација итн);
- Одлични аналитички вештини и способности;
- 5 години искуство во обработка и анализа на квантитативни и квалитативни податоци;
- 5 години работно искуство во развојот на извештаи и анализи во полето на родовата еднаквост и родово-одговорно буџетирање;
- Добро развиени интерперсонални и вештини за работа во тим;
- Одлично познавање (зборување и пишување) на Англиски јазик.

## V. ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

Испратете CV (биографија на апликантот) и финансиса понуда по работен ден по електронска пошта на trajanovska@crpm.org.mk и на crpm@crpm.org.mk со назнака Апликација за експерт/ка најдоцна до 12:00 часот, 26.06.2021 година.

Согласно Законот за заштита на лични податоци Ве молиме во текстот на е-поштата да наведете дали прифаќате Вашите податоци да се чуваат во збирката за идни ангажмани во Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП Скопје или сакате Вашите лични податоци да бидат уништени по истекот на активниот оглас.

Апликациите кои не ги исполнуваат условите од аспект на поседување на соодветно образование, работно искуство нема да бидат земени предвид.

ЦИКП е средина која нуди еднакви можности. Лицата од ранливи групи и жени се особено охрабрени да аплицираат.